## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**822.**

Врз основа на член 257 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.05.2007 година, донесе

### У Р Е Д Б А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Член 1

Во Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/05, 73/06 и 40/07) во членот 449 точката 4 се брише.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2761/1
15 мај 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**823.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.05.2007 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ДРОГА И ЗАВИСНОСТИ ОД ДРОГА

Член 1

Со оваа одлука се формира Центар за следење на дрога и зависности (во натамошниот текст: Центарот) од дрога како координативно тело на Владата на Република Македонија.

Член 2

Центарот ќе има за задача да обезбеди објективни, веродостојни и споредливи информации за дрогата и зависноста од дрога, во согласност со стандардите на Европската унија. Статистичките, документациските и техничките информации продуцирани од Центарот имаат за цел обезбедување на глобална слика за состојбата со дрога и зависноста од дрога, врз основа на која можат да бидат преземени мерки и одлуки за понатамошни активности. Обезбедувањето на споредливи, објективни и веродостојни податоци ќе се осигура со воспоставување на индикатори и заеднички критериуми, со цел да се зголеми униформноста на податоците и да се воспостават мерливите стандарди. Информациите кои ќе ги продуцира Центарот мора да бидат стандардизирани и да ги задоволуваат и квалитативните и квантитативните норми.

Член 3

Центарот ќе има задача да следи и да ги евалуира податоците од три основни полиња на делување:

- здравствено поле во кое се опфатени 5-те епидемиолошки здравствени индикатори: преваленца (распространетост) на користење на дрога кај општата популација; проблематични корисници на дрога (според стандардите на Европскиот центар за дрога и зависности од дрога – EMCDDA); третман; смртност поврзана со дрога; инфективни заболувања поврзани со употреба на дрога;
- полициски податоци како индикатори за дрога;
- царински податоци како индикатори за дрога;
- физибилити студии, истражувања и одредени пилот проекти.

Член 4

Центарот своите активности ги насочува кон вклучување во:

- Европскиот центар за следење на дрога и зависноста од дрога EMCDDA (European Monitoring Centre for Drugs and drug addiction);
- РЕИТОКС мрежата, Европската мрежа за информирање за дроги и зависности од дрога, која ги поврзува националните фокални точки, односно центрите за следење на дрога и зависности од дрога (The European information Network on Drugs and Drug Addiction (Reitox);
- Квалитативна Европска мрежа за истражување поврзано со дрога (Qualitative European Drug Research Network);
- Размена на искуства поврзани со активности со намалување на побарувачката со дрога EDDRA (Exchange on Drug Demand Reduction Action);
- Европска база на податоци за дрога ELDD (European Legal Database on Drugs);
- Имплементирање на комуникациската стратегија за контрола на дроги.

Член 5

Со Центарот ќе раководи раководителот на секторот за контролирани супстанци во рамките на Бирото за лекови при Министерството за здравство.

Член 6

Министерството за внатрешни работи, Министерство за финансии Царинска управа, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Републичкиот завод за здравствена заштита, Институтот за судска медицина, Клиниката за заразни болести и Државниот завод за статистика, доставуваат податоци до Центарот.

Одобрувањето на извештаите изготвувани од Центарот, пред истите да бидат пуштени во јавна употреба ќе бидат доставени на мислење до Државната меѓуресорска комисија за дроги и зависности од дрога.

Државната меѓуресорска комисија за дроги и зависности од дрога ќе ги усвои годишните извештаи на Центарот пред нивното доставување до меѓународните институции.

Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Царинската управа ќе имаат неограничен пристап до информациите на Центарот, по утврдена потреба.

Член 7

Членови на Центарот се претставници од:

1. Министерството за внатрешни работи;
2. Министерството за финансии – Царинската управа;
3. Републичкиот завод за здравствена заштита.

Член 8

Стручно административните работи на Центарот ќе се вршат од страна на Бирото за лекови при Министерството за здравство.

Член 9

Начинот на работа на Центарот ќе се регулира со Деловник за работа, кој ќе биде донесен од Центарот во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2659/1
15 мај 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.